## ОПШТИНА НЕГОТИНО

**Предлагач: Градоначалник на Општина Неготино**

**Изготвувач: Одделение за финансиски работи**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО ЗА 2023 година

**Неготино, Март 2024 година**

**Вовед**

Општината Неготино е лоцирана во централниот дел од Република Македонија, во областа на средното Повардарие. Му припаѓа на Вардарскиот регион, а како посебна природна средина му припаѓа на Тиквешко вардарски регион. Го зафаќа источниот дел од Тиквешката Котлина, на двете страни од реката Вардар, а на југоисток граничи со Демир Капија. Граничи со општините: на север со општина Штип, на исток со Конче, на југ со Кавадарци, на запад со Росоман и на северозапад со Градско. Зафаќа површина од 414 км2 и во неа живеат 19.212 жители, во градот Неготино и во други 18 населени места, од кои 4 се целосно раселени. Општина Неготино се наоѓа на просечна надморска височина од 150 м. Територијата на општината Неготино, како дел од областа Тиквеш и Повардарие, е под влијание на медитеранската клима, која продира од југ, преку Демиркаписката Клисура, и на континенталната клима, која продира од север, преку Велешката Котлина.

Локалната самоуправа е главниот носител на економскиот развој на општината, или поточно, како локална влада таа ги посочува економските потреби заради побрз стопански развој, привлекување на нови и зачувување на постојните бизниси, маркетинг, користење, располагање и управување со недвижен имот, креирање на локалната даночна политика во смисла на даночни олеснувања за проширувања на бизнисот, образование и обука, развој на малите претпријатија, одржување на општинската инфраструктура, или генерално речено локалниот економски развој претставува се она што општината може да го направи за подобрување на економијата и социјалната благосостојба на нејзините граѓани.

Општина Неготино е единица на локалната самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа.

Правото на локална самоуправа се остварува преку претставници во органите на општината и со непосредно учество на граѓаните во одлучувањето, на начин и постапка утврдени со закон.

Општината е правно лице со седиште во Неготино

**Надлежност**

Општината самостојно, во рамките на законот и Статутот ги уредува и врши работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со Законот за локална самоуправа, или друг закон, како и работите кои не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Надлежности, односно работи од јавен интерес од локално значење се:

- Урбанистичко планирање, издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење, уредување на просторот и на градежното земјиште;
- Заштита на животната средина и природата, со преземање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето;
- Локален економски развој, водење на локална економска политика;
- Комунални дејности, пред се снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, пречистување на отпадни води, јавно осветлување, одржување на јавна чистота, собирање, транспортирање на кому-

нален цврст и технолошки отпад, изградба, одржување и реконструкција на локални патишата и друг вид комунални дејности;
- Култура, преку институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти;
- Образование, основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт;
- Социјална и детска заштита, изградба и одржување на детски градинки и домови за стари, социјална грижа за инвалидните лица, деца со посебни потреби, деца без родители и друго;
- Здравствена заштита, односно управување со мрежата на јавни здравствени организации, превентивни активности, надзор над заразни болести;
- Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разузнувања, природни непогоди;
- Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;
- Надзор над вршењето на работите од нејзината надлежност.

**Организација и сметки**

Органи на општината се:
- Советот и
- Градоначалникот.

**Совет:**

Советот на Општината е претставнички орган на граѓаните.

Советот на Општината го сочинуваат 15 претставници на граѓаните избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.

Мандатот на членовите на Советот трае четири години.

Советот ги врши следните работи:

- Го донесува статутот на општината и други прописи;
- Донесува буџет на општината и годишна сметка на општината;
- Ја утврдува висината на сопствените извори на приходи за финансирање на општината, во рамките утврдени со закон;
- Ги усвојува извештаите за извршување на буџетот и годишната сметка на општината;
- Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината;
- Врши и други работи утврдени со закон.

Седниците на советот се свикуваат по потреба, но најмалку еднаш во три месеци, на барање на градоначалникот или на барање на најмалку ¼ од членовите на советот. Советот може да работи ако на седниците присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на советот. Седниците на советот се јавни.

Членовите на советот имаат право на надоместок за присуство на седници и надоместок на патните и дневните трошоци.

Претседателот на советот се избира од редот на членовите на советот, со мандат од четири години. За претседател на советот е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на советот.

**Градоначалник**

Градоначалникот се избира на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање во согласност со закон за период од четири години.

Градоначалникот ги врши следните работи:

- Ја претставува и застапува општината;
- Ја контролира законитоста на прописите на советот;
- Го обезбедува извршувањето на одлуките на советот;
- Обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на општината;
- Го обезбедува извршувањето на работите коишто со закон и се делегирани на општината;
- Избира директори на јавните служби кои се основани од општината, врз основа на јавен конкурс;
- Донесува правилник за систематизација на работните места на општинската администрација;
- Одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените;
- Врши други работи утврдени со закон и со статут.

Во економијата на општината постојат деловни субјекти распоредени по следниве индустриски гранки, производни и услужни дејности:

Табела Активни деловни субјекти по дејности 2021 според Националната класификација на дејностите Рев.2 во Општина Неготино (Државен завод за статистика на Република Македонија):

| **Дејност** | број |
|---|---|
| **Земјоделство, шумарство и рибарство** | 31 |
| **Рударство и вадење на камен** | 2 |
| **Преработувачка индустрија** | 114 |
| **Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација** | 1 |
| **Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината** | 4 |
| **Градежништво** | 48 |
| **Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли** | 240 |
| **Транспорт и складирање** | 149 |
| **Објекти за сместување и сервисни дејности со храна** | 49 |
| **Информации и комуникации** | 8 |
| **Финансиски дејности и дејности на осигурување** | 2 |
| **Стручни, научни и технички дејности** | 57 |
| **Административни и помошни услужни дејности** | 7 |
| **Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување** | 2 |
| **Образование** | 10 |
| **Дејности на здравствена и социјална заштита** | 35 |
| **Уметност, забава и рекреација** | 12 |
| **Други услужни дејности** | 31 |
| **Големина** | |
| **Микро** | 549 |
| **Мали** | 238 |
| **Средни** | 13 |
| **Големи** | 2 |

| | |
|---|---|
| | |
| **Вкупно** | 802 |

# Завршна сметка на Општината за 2023 година

## Приходи на Општината

Во **2023 година** Општина Неготино од вкупно планираниот Буџет **529.693.289,оо денари** има остварено реализација од **480.951.748,оо денари** .

Во **2023 година** приходите во **Завршната сметка** по носители изнесуваат:

| *Опис* | *Планирано* | *Реализирано* |
|---|---|---|
| Основен буџет | 183.873.021,00 | 166.169.213,00 |
| Самофинансирачки активности | 25.792.000,00 | 21.350.478,00 |
| Сметка на Дотации | 281.398.571,00 | 270.808.302,00 |
| Сметка на Донации | 38.629.697,00 | 22.623.755,00 |
| Сметка на кредити | 0,00 | 0,00 |
| **ВКУПНО** | **529.693.289,00** | **480.951.748,00** |

Во **2023 година Основниот буџет** има остварено вкупно приходи од **166.169.213,00 денари** додека расходите се реализирани од **149.544.549,00 денари.**

Во **2023 година** од **Самофинансирачките активности** остварени се приходи во износ од **21.350.478,00 денари.**

Во **2023 година** од **Блок дотации** остварени се приходи од **270.808.302,00 денари.**

Во **2023** година од **Донации** остварени се **22.623.755,00 ден**

### Основен буџет

Со **Буџетот** на **Општина Неготино** за **2023 година** од планираните **183.873.021,00 денари** заклучно со **31.12.2023 година** има реализација од

**166.169.213,00 денари** . Реализацијата на планираните и остварените приходите се прикажани во следната табела:

| *Ставка* | *Опис* | *Планирано* | *Реализирано* |
|---|---|---|---|
| **711** | Данок од доход, добивка и од капитални добивки | 9.056.000,00 | 9.789.213,00 |
| **713** | Даноци на имот | 38.040.887,00 | 40.157.702,00 |
| **717** | Даноци на специфични услуги (комунални такси) | 36.693.288,00 | 36.602.646,00 |
| **718** | Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 1.045.000,00 | 965.857,00 |
| **722** | Глоби, судски такси и администртивни такси | 1.051.000,00 | 392.464,00 |
| **723** | Такси и надоместоци | 71.000,00 | 50.620,00 |
| **724** | Други владини услуги | 250.000,00 | 0,00 |
| **725** | Други неданочни приходи | 2.000.000,00 | 2.111.281,00 |
| **733** | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 36.802.832,00 | 33.934.672,00 |
| **741** | Транфери од други нивоа на власт | 58.863.014,00 | 42.164.758,00 |
| | **ВКУПНО** | **183.873.021,00** | **166.169.213,00** |

## Приходи од самофинансирачки активности

Буџетските корисници остваруваат приходи од т.н. **Самофинасирачки активности** кои што претставуваат составен дел на **Завршната сметка** на **Буџетот на општината**. Во 2023 година имаат планирано приходи во износ од **25.792.000,00** ден, остварена реализација во износ од **21.350.478,00** ден.

## Приходи од блок дотации

Блок дотациите се приходи со кои што се финансираат буџетските единки и се наменети за плати и надоместоци од плати и тековно одржување (превоз на учениците,струја, вода, телефон, греење и сл). Од планираните **281.398.571,00 денари** има реализација од **270.808.302,00 денари.** . Средствата од Блок дотации се остварени по основ на доделени средства од министерствата за користење на буџетските едински.

## Приходи од донации

Составен дел на **Завршната сметка-Буџетот на општина Неготино** се и Приходите од **Донации.** Од планираните **38.629.697,оо денари** реализирани се 22**.623.755,оо денари**.

# Р А С Х О Д И

Во **2023 година** беа планирани програми и потпрограми кои што се реализирани делумно од оствареният приход во оваа фискална година. **Завршната сметка на буџетот на општина Неготино** за **2023 година** е составена од основен буџет, блок дотации, самофинансирачки активности , донации и кредити. Во следната табела ги искажуваме планираните со реализираните расходи:

| *Опис* | *Планирано* | *Реализирано* |
|---|---|---|
| Основен Буџет | 183.873.021,00 | 149.544.549,00 |
| Самофинансирачки активности | 25.792.000,00 | 21.350.478,00 |
| Дотации | 281.398.571,00 | 267.868.616,00 |
| Донации | 38.629.697,00 | 22.623.755,00 |
| Кредити | 0,00 | 0,00 |
| **ВКУПНО** | **529.693.289,00** | **461.387.398,00** |

Во **Консолидираната Завршна сметка на Буџетот на општина Неготино** за **2023 година** средствата по намена и нивното учество од вкупните расходи се искажани во следната табелата:

| | *Опис* | *Основен Буџет* | *Блок дотации* | *Самофинан активности* | *Донации* | *кредити* | *Вкупен буџет* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 40 | Плати, наемнини и надоместоци за вработените | 37.037.050,00 | 220.095.332,00 | 0,00 | 0,00 | **0,00** | **257.132.832,00** |
| 41 | Резерви и недефинирани расходи | 1.000.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | **0,00** | **1.000.000,00** |
| 42 | Стоки и услуги | 57.917.170,00 | 51.655.239,00 | 19.698.000,00 | 5.724.718,00 | **0,00** | **134.995.127,00** |
| 45 | Каматни плаќања | 1.400.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | **0,00** | **1.400.000,00** |
| 46 | Субвенции и трансфери | 40.447.000,00 | 2.038.000,00 | 70.000,00 | 11.253.843,00 | **0,00** | **53.808.843,00** |
| 47 | Социјални бенефиции | 2.690.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | **0,00** | **2.690.000,00** |
| 48 | Капитални расходи | 40.811.351,00 | 7.610.000,00 | 6.024.000,00 | 21.651.136,00 | **0,00** | **76.096.487,00** |
| 49 | Отплата на главница | 2.570.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | **0,00** | **2.570.000,00** |
| | ***ВКУПНО*** | ***183.873.021,00*** | ***281.398.571,00*** | ***25.792.000,00*** | ***38.629.697,00*** | ***0.00*** | ***529.693.289,00*** |

**Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивна вредност**

Заклучно со 31.12.2023 година евидентирана е следната состојба:

- Парични средства на сметката на Основниот буџет од 32.468.195,00 денари,
- Парични средства на сметката на Блок дотации од 51.934.154,00 денари,
- Парични средства на сметката на Донации во износ од 1.815.281,00 денари,
- Парични средства на сметка на ОИК- 3.500,00 ден.
- Парични средства на сметка на депозит – 10.000,00 ден.
- Парични средства на сметка за солидарност елементарни непогоди – 180.148,00 ден.
- Побарување по основ на побарувања од граѓаните ( надомест за уредување на градежно земјиште и легализација) во износ од 7.648.771,00 денари,
- Побарување по основ на заеднички трошоци во општинската зграда во износ од 898.420,00 денари,
- Обврски спрема добавувачи во земјата заклучно на износ од 17.584.133,00 денари.

# Извештај за сработеното на Одделението за правни и општи работи  при Општина Неготино за 2023 година –

## Совет на општина Неготино

Во 2023 година Советот на општина Неготино одржа 22 седници од кои 17 редовни и 5 вонредни седници.

- Се воспостави меѓуопштинска соработка помеѓу Општините Неготино , Велес, Кавадарци, Росоман , Свети Николе, Чашка, Демир Капија, Градско и Лозово, за вршење на работи од надлежност на општините со основање на заедничко јавно претпријатие заради обезбедување заштита и благосостојба на бездомни и напуштени животни.

## Реализирани Експропријации во 2023 година:

1. Заради реализација на урбанистички план за урбана заедица 5 урбан блок 5.1. – ДУП Неготино

2. Заради реализација на изградба на комунална инфраструктура - улици, водовод, технолошка вода, фекална и атмосферска канализација во урбана индустриска заедница 8

**Започнати постапки за експропријација:**

- Заради реализација на урбанистички план  - експропријација за дел од улица Македонски бранители од ДУП за УЗ 1КО Неготино

- Заради реализација на урбанистички план  за КП бр.9088/4 од ДУП за УЗ 6 дел од УБ 6.2 и УЗ 7 дел од УБ 7.3   КО Неготино

- Експропријација на КП бр. 647/1 КО Горни Дисан ( реализација на патен правев Горни Дисан - Вешје

## Судски предмети во постапка и Спогодбено решавање на спорови

Во текот на 2023 година Одделението за правни и општи работи ја застапуваше Општина Неготино пред судовите во Република Северна Македонија во тужби против Општина Неготино за :

- Утврдување на право на пристап до деловен објект ТС бр. 1/23 СТО ВЕТ ДООЕЛ Демир Капија против Општина Неготино пред Основен суд Кавадарци
- Надомест на штета Малв П бр.42/23 Никола Чапов против Општина Неготино пред Основен суд Неготино

Согласно Одлука бр. 08-190/8 од 01.03.2023 година на Совет на општина Неготино постигнати се 9 вонсудски спогодби за надомест на штета од напад на кучиња скитници.

**Односи со јавноста и медиуми**

- Следење, водење и изготвување на Записници од Седници на Совет на Општина Неготино ;
- Изработка на седници, одлуки како и службени гласници заедно со раководител на одделение за правни и општи работи;
- Подготовка на текстови и објавување на истите на официјалната веб страна на општината, како и фб страната на градоначалникот;
- Подготовка на прес конференции, јавни настапи на градоначалникот на општината ;
- Лица за контакт на ЗЕЛС и изготвување на материјали за потребите на ЗЕЛС

**Информации од јавен карактер**

Во текот на 2023 година се примани вкупно 25 барања.

- Број на позитивно одговорени барања 16 ;
- број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините на секое одбиено и отфрлено барање – нема;
- број на неодговорени барања- 1;
- Број на вложени жалби против провостепени одлуки- 8;
- Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата – нема;
- Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање – нема;
- Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлени – нема;
- ЦЕЛОКУПНА ИТ ПОДДРШКА НА ЦЕЛАТА ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА, ГРАДОНАЧАЛНИКОТ И СОВЕТОТ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО
- ДОСТАВА И ПРИЕМ НА ЦЕЛОКУПНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ПОВРЗАНА СО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА, ГРАДОНАЧАЛНИКОТ И СОВЕТОТ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО
- ВОДЕЊЕ НА ДЕЛОВОДНА КНИГА ЗА ИЗЛЕЗ И ВЛЕЗ НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ПОВРЗАНА СО ОПШТИНСКАТА
- АДМИНИСТРАЦИЈА, ГРАДОНАЧАЛНИКОТ И СОВЕТОТ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО ( заведени 1016 деловодни броја )

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ ОД ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО ЗА 2023 ГОДИНА

- Вовед
- ФА – Уредување на градежното земјиште( капитални трошоци)
- JO – Одржување на урбана опрема
- J1 – Снабдување со вода за пиење
- J2 – Одведување и прочистување на отпадни води
- J4 – Јавна чистота
- J6 – Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќјот
- J7 – Одржување и користење на паркови и зеленило
- J8 –Други комунални услуги
- JД –Изградба и реконструкција на локални патишта
- JГ-Изградба на системи за водоснабдување
- JЛ-Други комунални услуги(капитални трошоци)
- JМ-Паркови и зеленило (капитални трошоци)
- JН-Урбана опрема (капитални трошоци)
- ФД-Уредување на простор во рурални подрачја (капитални трошоци)
- Ф1-Уредување на градежно земјиште
- Ф2- Уредување на градежно земјиште

# Вовед

*Следејќи ја нашата заложба за транспарентност во работењето, пред Вас е извештајот за она што ние го работевме оваа година во форма на прегледен извештај, каде сите активности и проекти се наведени во соодветните области, односно потпгограми.*

*Во оваа веќе изминатата 2023 година за Општина Неготино претставуваше година на изработка на инфраструктурни проекти и многубројни активности кои треба да придонесат кон зголемување на економскиот раст и подобрување на условите а живот на месното население како и подобрување на животниот стандард на жителите од опширина Неготино.*

*Извештајот за релизираните активности еизработен во склад со расположивите финансиски средства во Буџетот на општина Неготино за 2023 година и се темелат на донесената Програма за Комуанлни дејности и уредување наградежното земјите на просторот на општина Неготино за 2023 година од страна на Советот на општина Неготино, барања и забелешки на граѓаните и правни субјекти од нашата општина, како реализацијата на оперативните програмаи на ЈП Комуналец од Неготино согласно со Законот за комунални дејности (Сл.весник на РМ бр.95/12;163/13;42/14;44/15; 147/15 и 31/16 )*

**ФА - УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**

Во оваа потпрограма се планирани расходи кој што се однесуваат на експроријациите кој што се исплаќаат како надомест за одземен измот на физички и правни лица. Оваа година, односно во 2023година за експропријации се планирани 4.150.000,00 ден а се реализирани 4.008.093,00 ден.

**Ф1 – УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**

Согласно со законот за градење за отпочување на градежни активности неопходни се претходни активности во делот на изработка на проектна документација, изработка на проекти за инфраструктурни објекти, проекти за сообраќајни решенија, вршење на ревизија на истите, изработка на геодетски елаборати за податоци за градежно земјите,аплицирање на целокупна документација за добивање на Одобрение за градба, како и аплицирање на соодветна документација за добивање средства за нивно финасирање од владини и невладини институции и организации. За таа цел се изработени следните проектни документации:

- Изработка на Основен проект за реконструкција на улица во село Криволак во должина од 350 метри

- Изработка на Основен проект за реконструкција на улица во село Криволак во должина од 250 метри

- Изработка на Основен проект за реконструкција на улица во село Криволак во должина од 350 метри

- Изработка на Основен проект за реконструкција на тротоар кај Градски стадион

- Изработка на Основен проект за реконструкција на спуштени тротоари

- Изработка на Основен проект за реконструкција на тротоар спроти градски стадион до постојка

- Изработен Основен проект за реконструкција на тротоар од Либерта до Полиција

- Изработен Основен проект за реконструкција на улица Ленинова со сите фази

- Изработка на Основен проект за реконструкција на улица во село Долни Дисан – 166м

- Изработка на Основен проект за реконструкција на улица во село Долни Дисан-260м

- Изработка на Основен проект за реконструкција на улица во село Долни Дисан (доморотско маало

- Изработка на Основен проект за реконструкција на улица во село Тимјаник со крак (вес комерц)

- Изработка на Основен проект за реконструкција на улица во село Тимјаник пред мост

-Изработка на Основен проект за реконструкција на локален пат Долни Дисан до општина Кавадарци во должина од 3км

-Изработка на проектна задача и налози за изработка на Основни проекти за Реконструкција на објект - зграда старо социјално

-Изработка на Основни проекти за Реконструкција на улици во с.Криволак

-Изработка на Основни проекти за Реконструкција на улици во с.Тремник

-Изработка на Основни проекти за Реконструкција на канали од улици во с.Тремник

-Изработка на Основни проекти за Реконструкција на улица Б.А.Ташева во Неготино

-Изработка на Основни проекти за Реконструкција на улица Киро Крстев во Неготино

-Изработка на Основни проекти за Реконструкција на улица Димче Мирчев во Неготино

-Изработка на Основни проекти за Реконструкција на тротоари од улица Партизанска во Неготино

За реализација на активностите од потпрограмата Ф1 планирани се 2.000.000,00 денари а реализирани се 1.108.132,00 денари.

## Ф2 – УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

За реализација на активностите од потпрограмата Ф2 планирани се 2.000.000,00 денари а реализирани се 1.547.479,00 денари.Реализацијата се однесува на изработка на просторни и урбанистички планови.

## ФД – Уредување на простор во рурални подрачја (капитални трошоци)

- Реконструкција на улица во село Долни Дисан - 160м
- Реконструкција на улица во село Долни Дисан – 260м
- Реконструкција на улица во село Криволак

За реализација на активностите од потпрограмата ФД планирани се 6.450.000,00 денари а реализирани се 5.196,767,00 денари.Од сметката на донација планирани се 3.212.607,00 денари а реализирани се 3.212.607,00 денари.Реализацијата се однесува на субвенции и трнасфери, изградба на улици, патишта и автопати.

## Ј0 – ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

За реализација на активностите од потпрограмата Ј0 планирани се 810.000,00 денари а реализирани се 431.139,00 денари.Реализацијата се однесува на тековно одржување на урбана опрема, договорени услуги, изнајмување на друга опрема.

## Ј1 - СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА

За тековно одржување водснабдителни системи во приградските населби (поправка на потопни пумпи, санирање на дефект на водоснабдителна мрежа,набавка на течен хлор, набавка на хлорни станици ) општина Неготино склучи договор со ЈП Комуналец како и со други правни субјекти.

- Извршена на набавка по пат на јавна набавка од правниот субјект Интер Хем на течен хлор за хлорирање на водоснабдителните системи во приградските населби.(Дистрибуцијата и неговата контрола за исправност ја врши ЈПКомуналец)
- По барање на жителите на дел од улица Никола Карев, извршено е довршување на системот за технолошка вода на дел од ул.Никола Карев и ул.Климентова

За реализација на активностите од потпрограмата Ј1 планирани се 5.900.000,00 денари а реализирани се 5.002.465,00 денари.Реализацијата се однесува на комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, други

комунални такси и услуги, материјали и ситен инвентар, камата на кредити и отплата на главнина.

## Ј2 –ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

Под прифаќање на атмосферски води во смисла со одредбите од Законот за комунални дејности како и Законот за јавни патишта се подразбира изградба на канализациона мрежа, одведување и испуштање на атмосферски води, под што се подразбира прифаќање на атмосферските води од урбани површини, одведување со канализациона мрежа и испуштање во во река Вардар (реципиент).

- Извршено е чистење на септичка јама во с.Војшанци, делот каде што не постои канализација
- Извршена е поправка на дегект во село Црвени Брегови
- Извршено е отпушување на фекална канализација на улица Дојранска, спроти трафостаницата

За реализација на активностите од потпрограмата Ј2 планирани се 1.000.000,00 денари а реализирани се 134.544,00 денари.Реализацијата се однесува на поправки и тековно одржување.

## Ј3-ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Во оваа потпрограма се планирани средства во износ од 3.852.000,00 ден за плаќање на електрична енергија за јавно осветлување, а реализирани се во износ од 3.695.674,00 ден.

## Ј4 – ЈАВНА ЧИСТОТА

Со оваа пот програма се регулира редовно чистење (метење и миење) на јавните површини и отворени простори на јавните објекти, како и одржување и расчистување на јавните површини од снег и мраз во зимски услови од страна на ЈП Комуналец за што се склучи мегусебен договор за 2023 година за регулирање на меѓусебните обврски со општина Неготино согласно со Годишната Програма за комунални дејности и уредување на градежното земјиште на просторот на општина Неготино.

Одржувањето на јавната чистота ги опфати:

- Јавните површни (улици, тротоари, пристапни патишта, плоштад и уредени отворени простори, парковски површни и градско зеленило, мостови, паркинг простори, скали кои ги поврзуваат површините за јавен сообраќај, стојалишта и такси станици.)

Во спроведување на оваа потпрограма се изведуваа следните активности:

- рачно метење на јавните површни,
- рачно чистење на улиците од наноси на земја после врнежи од дожд,

- миење на јавните површни со цистерни(Од страна на ЈП Комуналец оваа активност не беше спроведена, беше извршено на перење на градскиот плоштад во неколку наврати),
- собирање и транспортирање на уличен отпад од одржување на јавната чистота и негово транспортирање на општинската комунална депонија и се состои од:

а) комунален отпад

-уличен отпад(најчесто фрлени кутии на цигри, опушоци, искористени карти и влезници за јавни приредби, уплатници од спортски обложувалници, разни списанија и дневни весници, паковна амбалажа од хартија и пластика и други фрлани предмети,

-отпад од возила кои превезуваат отпад од правни и физички лица, градежен отпад, храна од органско потекло и сл.,

б) сезонски отпад

- лисја

-песок и ситен камен(поради посипување на јавни површини во зимски услови)

- рачно чистење на снегот и мразот во зимски услови.

Во чистењето на јавните површини опфатени беа и поставување и чистење на корпи за отпадоци, урбана опрема, пешачки патеки и скали, собирање на отпадот околу поставените контејнери и др.

Динамиката на извршување и спроведување на оваа потпрограма се изврши согласно донесената програма од страна на Советот на општина Неготино и за поедни локации кое не беа навреме одржување не им беше потпишуван работниот налог од страна на стручните служби на општина Неготино.

За реализација на активностите од потпрограмата Ј4 планирани се 3.850.000,00 денари а реализирани се 3.626.871,00 денари.Реализацијата се однесува на поправки и тековно одржување, одржување на автопати, улици и патишта и одржување на други зелени површини.

## Ј6 – ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈОТ

Под одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање режим на сообраќајот во општина Неготино се подразбираат повеќе мерки и работи кои се обавуваат во текот на целата година, вклучувајќи ги и сите објекти и инсталации се со цел да се одржи нивната проодност и техничка исправност на патиштата како редовно одржување, како и местимично подобрување на елементите од патот, да се осигура сигурноста и трајноста на патиштата и да се зголеми сигурноста на сообраќајот како вонредно одржување.

За реализација на активностите од потпрограмата Ј6 планирани се 5.500.000,00 денари а реализирани се 4.334.312,00 денари.Реализацијата се однесува на поправки и тековно одржување.

## Ј7 – ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРКОВИ ЗЕЛЕНИЛО

Согласно склучениот Договор за 2023 година со ЈП Комуналец како давател на услуга и општина Неготино како корисник на услуга, одржувањето на паркови и зеленило се одржуваше според Годишната Програма за комунални дејности за 2023 година.Врз основа на извршените работни активности од страна на ЈП Комуналец, овластени лица од општината кои беа задолжени за реализацијата на програмата ги потпишуваат работните налози, а со тоа и фактурирање од страна на ЈП Комуналец на сметка на општина Неготино.

За реализација на активностите од потпрограмата Ј7 планирани се 3.300.000,00 денари а реализирани се 3.297.181,00 денари.Реализацијата се однесува на поправки и тековно одржување, одржување на други зелени површини.

## Ј8 – ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ

За извршување на предвидените активности општина Неготино склучи Договор со соодветни правни лица кои имаат дозвола од надлежно министерство за изведување на овие активности по пат на јавна набавка.

-Санација на оштетена површина на патека и скали на споменик Манчо Малиминов

За реализација на активностите од потпрограмата Ј8 планирани се 2.130.000,00 денари а реализирани се 1.778.472,00 денари.Реализацијата се однесува на купување на поправки и тековно одржување, дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

## Ј9 ОДРЖУВАЊЕ НА ПРОСТОРИ ЗА ПАРКИРАЊЕ

Од оваа потпрограма средствата се исплатени како трансфер средства кон Јавното претпријатие ПАРКИНЗИ од вкупно планирани 5.750.000,00 ден исплатени се 5.748.055,00денари.

## ЈД – ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА

Од оваа пот програма се реализираа следните активности:

- Реконструкција на водоводна и фекална линија на улица Дојранска
- Изградба на крак од улица ЈНА
- Изградба на улица на дел од УЗ 8.1
- Изградба на улица Бранители
- Изградба на потпорен ѕид на улица 11 Октомври
- Изградба на комунална инфраструктура на Урбана зона 5, урбан блок 5.1 во Неготино

- Реконструкција на улица во с.Криволак
- Реконструкција на тротоар од улица Маршал Тито од крстосницата со улица Васка Калајџиска до крстносница со улица Манчо Маалиминов
- Изградба на потпорен ѕид од улица Даме Груев во Неготино

За реализација на активностите од потпрограмата ЈД планирани се 18.000.000,00 денари а реализирани се 11.172.995,00 денари.Реализацијата се однесува на капитални расходи, изградба на улици, патишта и автопати и надзор над изградбата.

**ЈМ – ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО**

За реализација на активностите од потпрограмата ЈМ планирани се 1.000.000,00 денари а реализирани се 1.000.000,00 денари.

**ЈН – УРБАНА ОПРЕМА**

Под одржување на урбана опрема се подразбира одржување во функционална состојба на фонтани,мали фонтани за вода за пиење,пешачки премини, мостови, одржување на урбана опрема на граскиот плоштад и старата чаршија во Неготино, одржување на монтажни бини, одржување на садеви за комунален отпад, клупи за седење и елементи во детски игралишта.

За реализација на активностите од потпрограмата ЈНО планирани се 2.000.000,00 денари а реализирани се 825.410,00 денари.Реализацијата се однесува на купување на опрема и машини.

**ЈГ – ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ**

За реализација на активностите од потпрограмата ЈГ планирани се 3.000.000,00 денари а реализирани се 1.612.263,00 денари.Реализацијата се однесува на изградба на капацитети за водоснабдување.

**УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО**

Во делот на направени пресметки за надоместок за уредување на градежното земјиште за 2023 година се изработени и прикачени на сајтот за издавање на електронски дозволи се аплицирани 30 барање и за кои се направени пресметки за надоместок за уредување на градежното земјиште.

Во текот на 2023 година од страна на правни и физички лица се поднесени Барања за прекоп на јавни површини вкупно 25 барања и за истите се направени пресметки за надоместок за уреување на градежното земјиште.

Согласно со Законот за определувања на имиња на улици,плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, до Одделението за комунални дејности се доставени 56 барања од правни и физички лица за утврдување на име на улица и број на инфраструктурни објекти и по сите соодветно е постапено.

## ОСТАНАТИ РАБОТНИ ЗАДАЧИ ЗАВРШЕНИ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И СООБРАЌАЈ

По барања на физички лица и група граѓани за 2023 година пристигнати се 20 барања и е содветно постапено по нив со нивно писмено известување.

За потребите на Одделението за комунални дејности се поднесени 8 барања до правниот субјект Гео Топо Кат кој има склучено Договор за јавна набавка за давање на услуги за потребите на општина Неготино за идентификација на катастарски парцели,за утврдување на фактичката состојба, за изработка на нумеричките податоци за градежни парцели и друго.

По барање на правни и физички лица како и од градоначалникот се направени Предмер Пресметки за реконструкција на улици по приградските населби,за реконструкција на улици, предмер пресметка за изградба на фекална и атмосферска линија, предмер пресметка за изградба на зид до кружнот тек, предмер пресметка за санација на неколку улици во градот, за санација на водоводна линија, предмер пресметка за поставување на фотоволтаици,барања за прекоп од физички лица тоа вкупно на 63 предмети.

Барање за сечење, кастрење на на гранки и оштетени стебла се поднесени вкупно14 броја.

Разни известувања до јавни инвестуции, правни субјекти се вкупно 103броја.

До ЈП Комуналец се испратени 30 известувања во делот на нивната надлежност за тековно извршување на рааботни задачи кои произлегуваат од Законот за комунални дејност и Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води.

Извршен е надзор на прием на опрема за опремување на новата детска градина Темјанушка како и известување до надлежно министерство за пријава на оштетување на објектот,

По основ за решавања на пристигнати предмети за Барања за легализација од страна на оддлението се решени 30 предмети на физички лица.

Барање за прекоп од ЕВН се поднесени вкупно23 броја на предмети,

Вработените лица учествуваа во повеќе комиси и координативни тела за измени на планови во градот, учество во проектни тимови за следење на

проекти преку одделението ЛЕР со министерството за транспорт и врски, министерство за финасии и министерство за земјоделие

Следејќи ја нашата заложба за транспарентност во работењето, пред Вас е извештајот за она што ние го работевме оваа година во форма на прегледен извештај, каде сите активности и проекти се наведени во соодветните области, односно потпгограми.

Во оваа веќе изминатата 2023 година за Општина Неготино претставуваше година на изработка на инфраструктурни проекти и многубројни активности кои треба да придонесат кон зголемување на економскиот раст и подобрување на условите а живот на месното население како и подобрување на животниот стандард на жителите од опшрина Неготино.

Извештајот за релизираните активности е изработен во склад со расположивите финансиски средства во Буџетот на општина Неготино за 2023 година и се темелат на донесената Програма за Комуанлни дејности и уредување наградежното земјите на просторот на општина Неготино за 2023 година од страна на Советот на општина Неготино, барања и забелешки на граѓаните и правни субјекти од нашата општина, како реализацијата на оперативните програмаи на ЈП Комуналец од Неготино согласно со Законот за комунални дејности (Сл.весник на РМ бр.95/12;163/13;42/14;44/15; 147/15 и 31/16 )

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА 2023 ГОДИНА

Од Програмата за енергетска ефикасност за 2023 година реализирани се следните активности:

Од подпрограма ГД0 од буџет (по втор ребаланс) 1.010.000,оо денари реализирани се вкупно 331 822.оо денари од кои 278.132.оо денари за поставување на соларни колектори за СТВ на градски стадион и 53 690.оо денари за набавка на ЛЕД рефлектори за осветлување на спортски терени, објекти и други локации.

Од подпрограма ЈА од буџет 1 500 000.оо денари реализирани се 1 495 937.оо денари за одржување на јавното осветлување.

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАНА

# ПРОГРАМА ЛЕР 2023

**Под-програма Г10-Поддршка на локалниот економски развој за 2023**

1.Проектот,,Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина”со Акроним ,,wa-mbrella”.(тековен проект за Корисник 2-општина Неготино) –

Проектот е во целост завршен и се очекуваат единствено поврат на средствата од Петта Верификација од страна на МЛС и ЏС во висина од 11 322 955,00 мкд

2. Зајакнување на општинските совети - фаза 2“

Вкупно 75.000,00 долари или 4.500.000 мкд , од кои 13.000 долари или 780.000 мкд ќе се обезбедат од општина Неготино .

Проектот е целосно реализиран.

3.Мониторинг и евалуација на Стратегија за локален економски развој 2015-2020 и изработка на Стратегија за локален економски развој на општина Неготино за 2021-2025 година.

Проектот е во завршна фаза. До крај на 2023 година беше завршена драфт верзијата на Стратегијата за локален економски развој.

4. Поддршка за ко-финансирање на тековни проекти во потпрограма Г10 за 2023. Се планираат средства во висина од 1.000.000,00мкд (договорни)за кофинансирање на проекти кои се во фаза на аплицирање и е потребно планирање на дополнително кофинансирање од страна на општина Неготино.

5.Организација на бизнис-форуми средби со бизнис заедницата- средби со бизнис заедницата за поголема соработка помеѓу компаниите од општината , да се споделат добрите практики и искуства и за можностите за заеднички настап на странските пазари и саеми.За таа цел се предвидени 100.000,00мкд (оперативни)

6. Зајакнување на капацитетите на ТППЕ во општината со набавка на специјализирано возило - во рамки на Програмата за регионален развој за 2021-2022, ЦР ВПР до МЛС –БРР аплицираше и се обезбедени средства за набавка на возилата за потребите на ТППЕ на 4 општини. По спроведената јавна набавка висината на проектот беше зголемена и за таа цел општина Неготино донесе одлука за сопствено учество(кофинансирање) во висина од 1.810.000,00 од Буџет на општина Неготино за 2023 год.Средствата ќе бидат трансферирани кон ЦР ВПР во 2023 год.

Проектот е во целост реализиран и исплатени се средствата кон ВПР

7. Предлог проект за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност,по одделни мерки и активности за рамномерен регионален развој преку МЛС.

Општина Неготино во 2023 год. не аплицираше со предлог проект .

8. Поддршка за Менаџирање на проекти од страна на Центарот за развој на ВПР за 2023-Согласно Законот за рамномерен регионален развој член 31,став5 и став7,како и врз основа на Правилникот за определување на поблиски

критериуми за висината на средствата за исплата на ЦР ВПР,општина Неготино има обврска да префрли средства на сметка на Центарот.За 2023 год.се планирани 1.500.000,00 врз основа на добиени проекти и проекти во фаза на аплицирање.

9. Мерни станици за смарт земјоделие – Кавадарци, Неготино, Демир Капија и Росоман. Проектот е реализиран со средства преку ВПР- Биро за регионален развој.Во општина Неготино се поставија 10 мерни станици за кои се потребни средства за одржување на софтверот.

За оддржување на мерните станици исплатени се средства од 179.950,00 со ДВВ

***За оваа Под-програма за 2023 планирани се средства во висина од 12.157.000,00 а реализирани 9.033.658,00, а на сметка донации за оваа под програма се планирани 23.031.156,00 ден од кој што реализирани се 12.613.570,00 ден***

**Под-програма Г20-Поттикнување и развој на туризмот 2023 година**

1.Проект ,,Wine up,, - ,,Јакнење на прекуграничните винскиискуства за локален економски развој,, - Проектот е финансиран од страна на ЕУ проект ИПА Проект,, Подобрување на прекуграничното винско искуство за локален развој'' со Акроним ,,wine-up'',,Јакнење на прекуграничните винскиискуства за локален економски развој,,

Проектот е во целост завршен и се очекуваат единствено поврат на средствата од Четтвртата верификација 61.586,70 евра и Петта Верификација од страна на МЛС и ЦС во висина од 13.422,73 евра или Вкупно 75.009,43 евра или 4.613.079 мкд.

2.Одржување на стопанско туристичка манифестација Недела на виното,,Свети Трифун 2023,, -За организација на оваа стопанско туристичка манифестација во 2023 година општина Неготино планира настанот да се организира со надворешен оператор. Се планира да трае 2-3 дена. Содржините дополнително ќе бидат дефинирани.Вкупно планиран буџет за реализација ,,Недела на виното-Св.Трифун 2023,, во износ од 1.100.000,00 мкд. од буџет на општина Неготино и тоа 1.000.000,00 договорни и100.000,00 угостителски услуги.

3.Поголема локална и меѓународна промоција на Општината како стопанско туристичка и економска дестинација и поддршка на стопански субјекти (хотели ресторани) низ разни промотивни и репрезентативни материјали е планирано на неколку начини и тоа: преку изработка на аудио-видео материјал, набавка на разни сувенири и изработка на други репрезентативни материјали со логото на општина Неготино и други автентични обележја. Исто така се планира да се вклучат и некои здруженија на жени кои изработуваат рачни изработки – плетени и во договор со општината да се најде соодветна локација -просторија каде ќе бидат изложени нивните ракотворби со дефинирана цена за секој производ .Планирани средства за поголема локална и меѓународна промоција на општината се во износ од 130.000,00мкд од општина Неготино и тоа 25.000,00мкд договорни, 25.000,00мкд оперативни, 80.000,00мкд печатени.

4.Поддршка за развој на вински туризам и семејни винарии

Во 2022 година општина Неготино во просторот на Желкова куќа ја отвори Винотека за семејните винарии од општина Неготино каде што добија можност да ги промовираат нивните производи. Во 2023 година во Буџетот на општина Неготино ќе се предвидат 80.000,00 денари(трансфер) со цел развој на вински туризам, промоција и поддшка на семејните винарии.

5.Подршка на 4 вработувања договорни услуги-асистенти Желкова куќа , асистенти на сувенирници – Буџет на општина Неготино

Проектот е целосно реализиран.

6.Уредување на пешачка патека Саат кула до м.в.Тимјаничка цуцка во должина од 2,5 км со 2 летниковец – БРР, UNDP, Агенција за промоција и поддршка на туризмот . Проектот има за цел да им обезбеди на жителите на општина Неготино можност за рекреација преку пешачење, односно искористување на нивното слободно време преку прошетка низ атарот на општина Неготино. Проектот предвидува тампонирање и мапирање на пешачката патека, поставување на патоказни знаци и клупи и поставување на 2 летниковци со димензии 3х3 метри квадратни. Проектотот се планира да се аплицира до донатори и заради тоа финансиско оптоварување на програмата и буџетот не е планирано во овој момент.

Проектот е во постапка на пред аплицирање преку ВПР –БРР,поточно проектот е најдобро оценет на форумските сесии организирани од ВПР и се чека повик од страна на Мимистерство за лопкална самоурава-Биро за регионален развој.Вредноста на проектот е околу 7.000.000,00 мкд.

***За оваа Под-програма за 2023 планирани се средства во висина од 3.684.080,00 а реализирани 3.267.509,00, а на сметка донации има планирано 8.288.248,00 ден од кој што се реализирани 4.995.872,00 ден***

**Под-програма ГА0-Изградба на комерцијални и друг вид на објекти 2023 година**

1.Предлог проекти за IPA CBC - општина Неготино по Програмата IPA CBC Грција-РСМ 2023-2027

Не е објавен повик во тековната 2023 год. , поради тоа и нема финасиски импликации во програмата

2. Предлог проект преку МЖСПП –програма води(водоводна линија на улици во градот)

Општина Неготино аплицираше со проект за Реконструкција на водоводна линија на ул„Питу Гули“ по основ на повик од Програмата на МЖСПП,истиот не беше одобрен

3.Предлог проект преку МЖСПП (реконструкција на фекална и канализациона мрежа) Во оваа под-програма планирано е подготовка и аплицирање на проект по основ на повик од Програмата на МЖСПП

Општина Неготино аплицираше со проект за Реконструкција на линија на фекална канализација на ул„Владо Арсов Шпанац до ул„Ацо Аџи Илов““ по основ на повик од Програмата на МЖСПП,истиот не беше одобрен

4.Предлог Проект по мерка 321 за аплицирање во 2023 год.Подобрување на квалитетот на живот во рурални средини Проект Изградба на пат Г Дисан Вешје-

Не е објавен повик во тековната 2023 год. , поради тоа и нема финасиски импликации во програмата

5. Предлог Проект по мерка 322 за аплицирање во 2023 год.-Обнова и развој на селата

Не е објавен повик во тековната 2023 год. , поради тоа и нема финасиски импликации во програмата

6.Предлог Проект по мерка 323 за аплицирање во 2023 год. Преку ВПР- Проект

Не е објавен повик во тековната 2023 год. , поради тоа и нема финасиски импликации во програмата

7.Предлог Проект по Мерка 124,пристапност до земјоделско земјиште

Не е објавен повик во тековната 2023 год. , поради тоа и нема финасиски импликации во програмата

8.Инфраструктурна адаптација на јавна површина за слободно движење на лицата со попреченост во општина Неготино (пристапни рампи и реконструкција на тротоари)

Проектот е целосно реализиран

9.Проекти аплицирани до Министерство за образование и наука Реконструкција на кровна конструкција на СОУ Св.Кирил и Методиј

10.Проектниот предлог - замена на стари куќни вертикални и хоризонтални водомери Проектот не е одобрен и истиот нема финансиски импликации во програмата.

11.Реконструкција на плоштад - Предлог проект за Програмата за регионален развој за 2023 год.со индикативни планирани средства за 2024 год.По одржани форумски сесии се изгласаа предлог концепти кои ќе бидат финансирани од Програмата а ќе ги аплицира Вардарски плански регион до МЛС- БРР.Се планира да се одобрат средства од 7.000.000,00,а општина Неготино ќе кофинансира со средства во висина од 5.000.000,00 мкд.

Проектот е во тек.Финансиските средства се обезбедени преку ВПР-БРР и буџет на општина Неготино а во тек е избор на проектантска куќа за изработка на ОП.

12.Во текот на 2023 год.преку одделение за Локален економски развој општина Неготино го Реализираше проектот Реконструкција на кров , замена на прозори и обнова на галериски парапетни зидови со донациоја од ТХ фондација. Вкупно беа реализирани 109.000 евра или 6.703.500 мкд

***За оваа Под-програма за 2023 планирани се средства во висина од 5.000.000,00 а реализирани 4.951.158,00***

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД ПРОГРАМАТА ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО 2023

***Целите на Програмата*** во областа на образованието се:

-Обезбедување активен однос на Советот на Општина Неготино кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието;

-Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес;

-Планирање на развојот на образованието;

-Подобрување на условите за изведување на образовниот процес;

Општина Неготино го поттикнува, поддржува и помага остварувањето на целите на оваа Програма во текот на учебната година. Во 2023 год се реализираа следните активности:

- Создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на образовниот процес со реализирање на втората фаза од Новиот концепт за развој на образованието;

Во програмата за основно образование имавме планирано 710.000 ден. од кои во 2023 година се потрошени 704.381 ден, за:

-Поддршка на талентирани ученици за настапи на наградни конкурси за основно и средно образование и поддршка на наставници (ментори) чии ученици освоиле награди на државни или меѓународни натпревари;

-Награди за наставници и талентирани ученици во основно и средно и за најдобар ученик;

- Финансиска поддршка за секој ученик запишан во прво одделение во основните и подрачните училишта во општина Неготино во износ од 3.000,00 ден за секое прваче.

Во програмата за средно образование имавме планирано 315.000 ден. од кои во 2023 година се потрошени 74.438, за:

- Поддршканаучениците инаставницитеод билингвалнапаралелка.
-СОУ„Св.Кирил и Методиј“- Купување на нови нагледни средства-средно образование;
- Организирањена,,Танцнаматуранти,,2023 (озвучување имаички)

Оваа програма претставува континуитет на Програмата за активностите на Општина Неготино во областа на образованието од претходните години.

# Извештај за реализирани активности од

# Програмата за социјална заштита за 2023 год.

Целите на Програмата за социјална заштита се : Изнаоѓање на форми за помош на социјално ранливи групи, подобрување на стандардот на граѓаните,помош на децата со посебни потреби вклучени во редовниот образовен процес и други активности за задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на социјалната заштита..

Во 2023 год. општина Неготино продолжи со реализација на Проектот – Општинско- корисна работа со кој беа ангажирани 2 лица како образовни асистенти во СОУ Св. Кирил и Методи, И 1 лице личен асистент.За оваа програма намоместокот за ангажираните лица беше финансиран од УНДП, а општината партиципираше со сретства за плаќање на персонален данок и осигурување од несреќа при работа во надоместокот за овие лица.Исто така се продолжи и со активностите за помош на стари и изнемоштени лица во домашни услови, со која се ангажираа негователи за 10 стари лица со 4 часовно работно време кои претходно посетуваа 3 месечна обука.

Во 2021 година со Решение на Советот на општината беше формиран Општински Совет за социјална заштита со 15 членови од повеќе институции кој редовно одржуваше состаноци за актуелните проблеми од областа на социјалната заштита.Оваа практика се продолжи и во 2022 и 2023 година.

Со Одлука на Советот во ноември 2021 општината започна со исплаќање на еднократен надоместок од 7 000 денари за секое новородено дете чии родители се жители на општина Неготино.Исто така и во текот на 2022 и 2023 редовно се исплаќаше надоместокот за новороденче од 7 000 денари.

Се продолжи како и претходните години со исплаќање на еднократна парична помош за граѓаните кои се обраќаат со барање до Советот.

Во програмата Т1 планираната сума беше 3 879 900ден. од кои реализирани се 2 992.916 ден. или 77 %, и тоа:

- За договорни услуги – планирани 289 900 – релизирани -263 206
- Други тековни расходи – планирани -30 000 – реализирани – 10 030
- Други трансфери – планирани – 860 000- реализирани – 200 000
- Еднократна парична помош - планирани – 1 360 000 –реализирани -1 321 098
- Помош за новореденчиња – планирани-1 200 000-реализирани-1 198

  582

  -помош за деца без родители –планирани 50 000-реализирани 0

  Дневно и привремено згрижување – планирани-30000,реализирани -0

  Друга социјална помош – планирани – 50 000,релизирани - 0

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ОПШТИНА НЕГОТИНО**

**Изготвувач:**

**Одделение за урбанизам и**

**и заштита на животната средина**



# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ПРОСТОРОТ

# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО ЗА 2023 ГОДИНА

Март, 2024

Врз основа на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2023 година, донесени се следните урбанистички планови, урбанистичко плански документации и проектни документации:

1. Детален урбанистички план за Урбана единица 2, дел од блок 6, (помеѓу улиците „Гоце Делчев" и „Васка Калајџиска"), општина Неготино според урбанистичка документација изработена од ,,ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ Скопје, донесен со одлука од Совет бр. 08-72/8 од 30.01.2023 година;

2. Детален урбанистички план за Урбана единица 9 дел од блок 28 (Помеѓу улиците „Маршал Тито", „Железничка" и Автопат А1) Општина Неготино, изработен од „ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ Скопје, е донесен со Одлука од Совет бр. 08-579/14 од 11.08.2023 година;

3. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани и Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија на КП бр.264, КП бр. 267, КП бр. 268/1 и КП бр. 269, К.О. Војшанци, Општина Неготино, изработен од „ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕНЕРИНГ" ДООЕЛ Кавадарци, одобрен со потврда бр. 11-32/3 од 18.01.2023 година;

4. Урбанистички проект за формирање на градежна парцела 1, со намена А1.5- станбени куќи во состав на селски стопански двор, на КП 1279/2, КО Пепелиште, согласно Општ акт за село Пепелиште, општина Неготино (одлука бр. 08-418/7 од 25.12.2015 година), изработен од „АРХИКОНС" Јован ДООЕЛ Кавадарци, одобрен со потврда бр. 11-45/4 од 06.02.2023 година;

5. Урбанистички проект за разработка на градежна парцела 1 со намена Г2.1 – Лесна градежна индустрија, од ЛУПД за Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија, на КП 11663, КО Неготино, општина Неготино (решение бр. 11-313/17 од 16.12.2019 година), изработен од „АРХИКОНС" ДООЕЛ Кавадарци, одобрен со потврда бр. 11-43/4 од 26.01.2023 година;
6. Урбанистички проект за формирање на градежна парцела 1, со намена А1.5- станбени куќи во состав на селски стопански двор, на КП 3304-дел, КП 3305/1, КП 3305/2-дел, КО Тимјаник, согласно Општ акт за село Тимјаник, општина Неготино (одлука бр. 08-358/14 од 25.07.2019 година), изработен од „АРХИКОНС" ДООЕЛ Кавадарци, одобрен со потврда бр. 11-234/4 од 07.06.2023 година;
7. Урбанистички проект за формирање на градежна парцела 1 со намена Г2.1 – Лесна градежна индустрија, на КП 3031/1 КО Тимјаник, согласно Општ акт за село Тимјаник, општина Неготино, изработен од „АРХИКОНС" Јован ДООЕЛ Кавадарци, одобрен со потврда бр. 11-42/7 од 03.03.2023 година;

8. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за формирање на градежна парцела ГП1 со основна класа на намена Е1.13 - Површински соларни фотоволтаични електрани, на дел од КП 620, дел од КП 621, дел од КП 622/1 и дел од КП 622/2, КО Криволак, Општина Неготино со тех. бр. 04-193/2022 од април, 2023 год., изработен од ПАРАМЕТАР ДООЕЛ Скопје, одобрен со потврда бр. 11-49/11 од 14.06.2023 година;

9. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за формирање на градежна парцела ГП 2 со основна класа на намена Е1.13 - Површински соларни фотоволтаични електрани, на дел од КП 620, дел од КП 621, дел од КП 622/1, дел од КП 622/2 и дел од КП 622/3, КО Криволак, Општина Неготино со тех. бр. 04-221/2022 од април, 2023 год., изработен од ПАРАМЕТАР ДООЕЛ Скопје, одобрен со потврда бр. 11-50/14 од 14.06.2023 година;

10. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ (УП) вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП 1 со основна класа на намена Е1.13- Површински соларни фотоволтаични електрани, на дел од КП 430 и дел од КП 248/1, КО Војшанци, Општина Неготино со тех. бр. 04-202/2022 од март, 2023 год., изработен од ПАРАМЕТАР ДООЕЛ Скопје, одобрен со потврда бр. 11-4/12 од 13.07.2023 година;

11. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ (УП) вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП 2 со основна класа на намена Е1.13- Површински соларни фотоволтаични електрани, на дел од КП 430 и дел од КП 248/1, КО Војшанци, Општина Неготино со тех. бр. 04-203/2022 од март, 2023 год., изработен од ПАРАМЕТАР ДООЕЛ Скопје, одобрен со потврда бр. 11-5/13 од 21.07.2023 година;

12. Урбанистички проект (УП) вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП1 со основна класа на намена Е1.13 - Површински соларни фотоволтаични електрани, на дел од КП 418, дел од КП 419, дел од КП 420/1, дел од КП 420/3 и дел од КП 408, КО Војшанци, Општина Неготино со тех. бр. 04-223/2022 од март, 2023 год., изработен од ПАРАМЕТАР ДООЕЛ Скопје, одобрен со потврда бр. 11-47/12 од 13.07.2023 година;
13. Урбанистички проект (УП) вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП2 со основна класа на намена Е1.13 - Површински соларни фотоволтаични електрани, на дел од КП 420/1, КП 420/2, дел од КП 418 и дел од КП 408, КО Војшанци, Општина Неготино со тех. бр. 04-224/2022 од март, 2023 год., изработен од ПАРАМЕТАР ДООЕЛ Скопје, одобрен со потврда бр. 11-48/12 од 13.07.2023 година;
14. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани и Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија на КП бр.264, КП бр. 267, КП бр. 268/1 и КП бр. 269, К.О. Војшанци, Општина Неготино со тех. бр. 3796 од септември, 2022 год, изработен од „ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕНЕРИНГ“ ДООЕЛ Кавадарци, одобрен со потврда бр. 11-32/3 од 18.01.2023 година;
15. Урбанистички проект за линиска инфраструктурна градба во опфат на урбанистички план, излез од Автопат А1 („Пријателство“), делница од

кружен тек кај стар пат 103 за Гевгелија, магистрална улица „Железничка“, до кружен тек на улица „Маршал Тито“, Општина Неготино со тех. бр. 04-100/2023 од август, 2023 год., изработен од „ПАРАМЕТАР“ ДООЕЛ Скопје, одобрен со потврда бр. 11-428/3 од 25.09.2023 година;

16. Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План за формирање на градежна парцела со намена Е1.13 – Површински соларни фотоволтаични електрани на КП 469, КП 470 и КП 486, КО Војшанци, општина Неготино со тех. бр. 04-236/2022 од јуни, 2023 год, изработен од ПАРАМЕТАР увоз-извоз Скопје, одобрен со потврда бр. 11-314/8 од 18.09.2023 година;
17. Урбанистички проект за формирање на градежна парцела 1, со намена Б1.1- Дуќани, занаетчиски дуќани, продавници за мали прибори, опрема , делови и потреби за домаќинство, (мали објекти за трговија со мешана стока), на дел од КП 2376/1 и КП 2377, КО Криволак, согласно Општ акт за село Криволак, општина Неготино (одлука бр. 08-390/8 од 04.12.2015 година) со тех. бр. 04-07/2022 од август, 2023 год., изработен од „АРХИКОНС“ ДООЕЛ Кавадарци, одобрен со потврда бр. 11-115/5 од 29.09.2023 година;
18. Урбанистички проект за формирање на градежна парцела со намена А1.5-станбени куќи во состав на селски стопански двор, на КП 2371/2, КП 2371/3 и КП 2387 - дел, КО Криволак, согласно Општ акт за село Криволак, општина Неготино (одлука бр. 08-390/8 од 04.12.2015 година) со тех. бр. 03-01/2023 од јули, 2023 год., изработен од „АРХИКОНС“ ДООЕЛ Кавадарци, одобрен со потврда бр. 11-114/5 од 29.09.2023 година;
19. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Г3 - Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори на КП 3882 КО Неготино, Општина Неготино со тех. бр. 04-229/2022 од август, 2023 год., изработен од ПАРАМЕТАР ДООЕЛ Скопје, одобрен со потврда бр. 11-197/11 од 05.10.2023 година;

***Од програмата за изработка на урбанистичко планови од планираните***

***2 000 000 денари, реализирани се средства во износ од 1 108 132 денари***

# Извештај за реализација на програмата за градежно земјиште на општина Неготино за 2023 година

1. Во 2023 година општина Неготино спроведе една јавна аукција за продажба на градежно земјиште при што беше продадена една градежна парцела со намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија во КО Дубраво со површина од 88.713 м2 на купувачот САЈБО ГРУП ДООЕЛ Скопје со вкупна вредност од 24.945.213 денари.

2. Во 2023 година преку продажба на градежно земјиште непосредна спогодба општина Неготино склучи 7 договори за отуѓување на градежно земјиште:

   - Договор за отуѓување со Зухра Шабанова КО Неготино со намена А1 – домување во индивидуални куќи 25 м2 со вкупна вредност од 7.500 денари
   - Договор за отуѓување со Недева Живка КО неготино со намена А1 - домување во индивидуални куќи 67 м2 со вкупна вредност од 20.100 денари
   - Договор за отуѓување со Бојан Јованов КО Неготино со намена А1 – домување во индивидуални куќи 254м2 со вкупна вредност од 76.200 денари
   - Договор за отуѓување со ДПТУ ЕЛАН Блажо Неготино КО Пепелиште со намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија 10.742 м2 со вкупна вредност од 706.720 денари
   - Договор за отуѓување со Јордан Бошков КО Неготино со намена А1 – домување во индивидуални куќи 49 м2 со вкупна вредност од 14.700 денари
   - Договор за отуѓување со ВА ГО логистик КО Неготино со намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија 3472 м2 со вкупна вредност од 243.040 денари
   - Договор за отуѓување со Борче Миленковиќ КО Неготино со наменаА1 – домување во индивидуални куќи 37 м2 со вкупна вредност од 11.100 денари

Јавна аукција: 29.945.213 денари

Непосредна спогодба: 1.079.360 денари

Вкупно: 31.024.573 денари

# Програма за заштита на животна средина на општина Неготино за 2023г.

Предвидените активности во програмата за 2023г. и предвидени средства со вториот ребаланс изнесуваат 460.000,00 ден:

1. Чистење на диви депонии

2. Услуги за израборка на стратегиска оцена на влијанието на врз животната средина на планските документи.

3. Одбележување на Европската недела на мобилност “ДЕН БЕЗ АВТОМОБИЛИ” набавка и печатење на маици

4. Акции за пошумивање на територијата на општина Неготино

5. Набавка на цвеќиња и трева за хортикултурно уредување

6. Изработка на ЛЕАП

Од оваа програма реализирани се одредени активности во заедничка соработка со јавното претпријатие Комуналец, меѓу кои :

- расчистување на диви депонии во приградските населби,

- расчистување на подрумските простории од смет и непотребен стар инвентар,

- набавка на цвеќиња и трева за холтикултурно уредување

Вкупно потрошени средства 224.757,00ден , од планирани 460.000,00 ,т.е 48,9% од средствата предвидени за оваа програма се искористени.

# ПРОГРАМА ЗА КУЛТУРА, СПОРТ И СОРАБОТКА СО ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ

## ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основни цели на оваа програма се:

- Обезбедување на активен однос на Општина Неготино за задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на културата;
- Зачувување, афирмација и промоција на културно – историското наследство на Општина Неготино;
- Поддршка и промовирање на талентираните уметници и творци во областа на културата и културното творештво;
- Обезбедување на активен однос на Општина Неготино за задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на спортот.
- Обезбедување на активен однос на Општина Неготино кон граѓанскиот сектор и негова поддршка и промоција.

## АКТИВНОСТИ

I. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

1. Втор интернационален фестивал на дуодрама “БРАНКО ЃОРЧЕВ 2023”Интернационалниот фестивал на дуодрама “БРАНКО Ѓ ОРЧЕВ 2023” – Неготино,оваа година се одржа од 10.05. до 13.05.2023 година, на сцената на НУЦК “Ацо Ѓорчев” – Неготино. Организатор и покровител на фестивалот беше Општина Неготино, а ко-организатор на истиот е Театар Провокација. Селектор на фестривалот беше актерката од НУ Театар Комедија – Мирјана Поповска Ристов, која ги селектираше следниве претстави, кои беа прикажани по следниов редослед:

СРЕДА, 10.05.2023 г.

Почеток 20:00 ч.

Театарска претстава “БРАЧНА КОМЕДИЈА“, Сцена “МАСКА” – Република Србија,

Режија: Иван Томашевиќ

ЧЕТВРТОК, 11.05.2023 г.

Почеток 20:00 ч.

Театарска претстава “ЗА НАС ПОЧНУВА ЖИВОТ“, Режија: Дејан Пројковски,

продуцент: Нино Леви – Република Македонија

ПЕТОК, 12.05.2023 г.

Почеток од 11:00 ч.

Детска театарска претстава “ЈАС СУМ АКИКО“,

Театар Провокација – Република Македонија, Режија: Роберт Ристов

(претстава не е дел од официјалната конкуренција).

ПЕТОК, 12.05.2023 г.

Почеток од 20:00 ч.

Театарска претстава “CANDY“ , Театар Златен Елец - Република Македонија

Режија: Тамара Стојаноска

САБОТА, 13.05.2023 г.

Почеток од 19:30 ч.

Театарска комедија “БЕБА“, ТЕАТАР “КЕРЕКЕШ’ - Република Хрватаска

Режија: Љубомир Керекеш

Фестивалот на кој што доминираше жанрот комедија, беше со натпреварувачки

карактер и на истиот беа доделени наградите: НАЈДОБРА МАШКА УЛОГА, НАЈДОБРА

ЖЕНСКА УЛОГА, НАЈДОБРА ПАРТНЕРСКА ИГРА и НАЈДОБРА ПРЕТСТАВА..

Членови на жири комисијата беа реномираните имиња на македонската театарска сцена: Васил Зафирчев (актер од ТЕАТАР ЏИНОТ – Велес) , Селпин Керим (актер од Турски Театар – Скопје) и Роберт Ристов (актер од ТЕАТАР КОМЕДИЈА - Скопје).

2. Одбележување на 1 Април – Ден на шегата “МАСКЕНБАЛ 2023”

Настанот е организиран во соработка со детската градинка “Фемо Кулаков”, двете основни и средното училиште “Св.Кирил и Методиј”. За реализација на овој настан се издвоени средства за оперативни трошоци (украсување на бина), за потрбите за организација на истата. Како сегменти од манифестацијата се одржаа маскенбалско дефиле и централен дел на манифестацијата на градскиот плоштад, во рамките на кои учествува голем број деца и ученици од нашиот град.

3. Одбележување на Денот на Ромите – 8 Април. За одбележувањето на Денот на

Ромите Општина Неготино издвои финансиски средства за организација на Ромска Вечер во с.Криволак, (за озвучување и музика и за организирање на коктел за присутните). Овој настан е организиран во соработка со ромската заедница од селото Криволак, а општина Неготино традиционално го поддржува во изминатите неколку години.

4. НЕГОТИНСКА МУЗИЧКА ВЕЧЕР 2023. На 16 септември (сабота) на градскиот плоштад во Неготино се одржа голем музички хепенинг под наслов “НЕЃОТИНСКА МУЗИЧКА ВЕЧЕР 2023” на кој учество земаа познати музички артисти од земјава и регионот. Настанот беше во комплетна организација на Општина Неготино, а е

организиран во пресрет на традиционалната стопанска манифестација “Неготински панаѓур” и празнувањето на христијанскиот празник – Мала Богородица (21 септември). Дел од богатата програма на “НЕЃОТИНСКА МУЗИЧКА ВЕЧЕР 2023” беа познатите имиња од македонската и балканската музичка сцена, македонскиот шоумен Игор Џамбазов заедно со Ѓуру Харе бенд и извонредниот сараевскиот рок бенд “Забрањено пушење”. Свој настап имаа и тројца локални ди-џеи.

5. Одбележување на празникот на градот 8 Ноември – 79 години Слободно Неготино. За одбележување на 79-годишнината од Ослободувањето на Неготино е изготвена соодветна програма која што се реализираше од 6 до 8 ноември 2023година. За потребите на реализацијата на оваа програма од Буџетот на општината се реализирани средства за: маркетинг и печатење на промотивни материјали;репрезентации; репрезентации по свечената седница и за други настани со гости,договорни услуги за свечена седница и други настани, пијалоци и храна,озвучување, набавка на награди и признанија (плакети и туби за Свечена седница),награди за најдобрите на традиционалниот турнир во табла и други оперативни расходи.

П Р О Ѓ Р А М А

ПОНЕДЕЛНИК 06.11.2023

17.00 Традиционален турнир во табла

Отварање - Желкова куќа

ВТОРНИК 07.11.2023

10.00 Регионални игри “Ѓол Бал”- Здружение на слепи лица Неготино

Сала на СОУ “Св.Кирил и Методиј”

11.00 Турнир во одбојка - Женска конкуренција

Сала на СОУ “Св.Кирил и Методиј”

11.30 Посета на тековни градежни активности на повеќе локации во општината

13.00 Традиционални осмоноемвриски крос-трки

Сојуз на училишни спортови

Градски плоштад Неготино

14.00 Меморијален турнир во брзопотезен шах

Доделување на награди - Желкова куќа

18.00 Традиционална ликовна изложба на локални уметници

Музеј на град Неготино

19.00 Театарска претстава “Не се клади на англези” - Театар

И.М.Климе - Кавадарци

НУ Центар за култура “Ацо Ѓорчев”

СРЕДА 08.11.2023

09.00 Оддавање на почит пред споменици на борци од НОБ

и воени конфликти

10.00 Прием на членовите на делегациите кај градоначалникот

10.30 Полагање на свежо цвеќе пред бистите на борците од НОБ –

Општина Неготино

11.30 Свечена седница на Советот на Општина Неготино

НУ Центар за култура “Ацо Ѓорчев”

17.00 Традиционален турнир во табла

Доделување на наградите - Желкова куќа

6. Финансирање на културни настани и манифестации во населените места.Со оваа ставка беа предвидени средства кои се наменети за организација на културни настани и манифестации во населените места. За таа цел од општината беа поддржани и финансиран повеќе културни настани (селски слави, граѓански средби и сл.), односно:

- с. Курија – Спасовден
- н. Тимјаник – Св.Атанасиј
- с. Криволак - Спасовден
- с. Пепелиште - Илинден
- с. Липа – Св.Атанасиј
- Џидимирски средби 2023

7. Месец на младо вино 2023 (Неготинско младо вино)

Во организација и под покровителство на Општина Неготино, на (05.11.) на градскиот плоштад во Неготино се одржа првото издание на манифестацијата “Неготинско младо вино 2023”, која има тенденција да стане традиционална, а има за цел да го промовира неготинското младо вино. Во рамките на истата за учество беа поканети повеќе винарии од општината, како и производителите на маџун и

мед, а беше промовирана и неготиската пита, како производ какратеристичен за нашиот град. Во пријатна атмосфера беше понудена богата музичка програма во којаучество земаа повеќе локални бендови и пеачи меѓу кои Дуо Фортисимо и Благица, Акустико лајт, Ексклузив бенд, Ѓрупа чардак, Ѓоко Ѓорчев и Нели ти реков,Ориентал бенд и Три Ѓранде. Истите околку 6 часа ги забавуваа присутните граѓани на градскиот плоштад кои имаа можност да ги пробаат одличните вина и други производи кои беа презентирани во рамките на манифестацијата. Премиерното издание на “Неготинско младо вино 2023”, според реакциите на граѓаните помина одлично, а општина Неготино во наредниот период планира истата да стане традиционална.

ФИНАНСИРАЊЕ

За реализација на оваа програма од вкупно предвидените 2.110.000,00 денари, се реализирани 1.445.993 денари односно околу 70 % од планираните средства.

ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ

1. Поддршка на спортските клубови од општината. Во согласност со Правилникот за распределба на финансиски средства на спортските клубови од општина Неготино, беше распишан јавен повик за финансирање на програмите на спортските клубови и сојузи од општината. На јавниот повик со свои апликации во предвидениот рок одговорија 17 спортски колективи – баратели на финансиска поддршка од општината. Согласно донесениот Правилник, Советот на општината преку комисијата за јавни дејности направи соодветна распределба на средствата на 17 спортски колективи кои побараа финансиска поддршка, а притоа ги исполнија предвидените критериуми. Вкупната сума на исплатени финансиски средства од оваа ставка за цела 2023 година изнесува 6.850.000,00 денари. По завршувањето на планираните годишни активности, субјектите корисници најдоцна до средината на февруари до општината доставуваат финансиски извештаи за начинот на користење на добиените средства, со што ќе биде заокружена постапката.

2. Кошаркарски турнир за младински категории “Неготино 2023”

На 25 мај во салата на СРЦ “Младост” во Неготино се одржа првото издание на младинскиот кошаркарски турнир во женска конкуренција “Неготино 2023”. Учесници на турнирот покрај домаќинот ЖКК Спорт Тим, беа екипите на ЖКК Јасмин од Кавадарци, ЖКК Пробаскет од Пробиштип, ЖКК Прима Баскет од Ѓевгелија и ЖКК Тим Арена од Штип. На турнирот кој имаше натпреварувачки карактер, беа одиграни натпревари во две конкуранци: М14 (генерации 2010/11) и М18 (генерации 2006/2009). Во конкуренција М14 победник на турнирот беше екипата на ЖКК “Јасмин” од Кавадарци која во одличното финале ја совлада екипата на “Спорт тим” од Неготино која мораше да за задоволи со второто место и сребрениот медал. Третото место во оваа конкуренција и припадна на екипата на ЖКК Прима Баскет од Ѓевгелија. МВП (најдобар играч на турнирот М14) беше Дијана Ѓорева од екипата на “Јасмин” од Кавадарци. Во конкуренција М18 победничкиот пехар го подигна капитенот на екипата на ЖКК “Тим Арена” од Штип која во финалето беше подобра од екипата на домаќинот ЖКК “Спорт Тим” која и

во оваа конкуренција беше второопласирана. Третото место го освои екипата на ЖКК Прима Баскет од Ѓевгелија. За МВП (најдобар играч на турнирот М18) беше прогласена Ива Дојчинова од победничката екипа на ЖКК "Тим Арена" од Штип.

3. Отворено градско првенство во шах - Турнир во шах "Неготино 2023"

Од 12 до 17 април во нашиот град се одржа деветтото по ред отворено првенство во шах "Неготино Опен 2023". Учесниците на првенството одиграа вкупно 7 кола по швајцарски систем. Победник на овогодинешното отворено првенство е Димитар Ставров кој во седумте одиграни партии освои вкупно 6 поени и ја освои првата награда во вредност од 7.000 денари. Второто место на турнирот со освоени 5,5 поени му припадна на Илија Ѓорѓиев, а третопласиран е Живко Наумовски кој ја освои третата награда во износ од 3.000 денари. Четвртопласиран беше Киро Камчев кој освои награда од 2.000 денари, а петтото место и наградата од 1.000 денари му припадна на Санде Атанасов. Награди во висина од 1.000 денари добија и Ѓорѓи Темелков како најдобро пласиран млад шахист (под 18 години) и Васко Недев како најдобро пласиран сениор (над 65 години). Паричните награди ги обезбеди Општина Неготино, а на најдобрите учесници им беа доделени и дипломи за постигнатот пласман. Првенството помина во одлична организација на Општина Неготино и Ѓрадскиот шаховски клуб "Неготино".

4. Отворени забавни школи "Open fun football school 2023"

По пауза од неколку години, Отворената забавна фудбалска школа позната како "Open Fun" повторно беше организирана во Неготино. По 2018 година кога истата за последен пат беше организирана и финансирана од Општина Неготино, оваа година локалната власт повторно направи напори да го организира овој спортски настан во кој се вклучени најмладите, односно децата на возраст од 6 до 12 години. Инаку, проектот под името "Отворени забавни школи за фудбал – OPEN FUN", го организира меѓународната организација ЦЦПА (Cross Cultures Project Association) и има за цел преку забавни игри и педагошки забавен фудбал да се стимулира спортскиот дух, другарсвото и градењето на пријателства помеѓу најмладите. Проектот во регионот и пошироко го поддржува УЕФА, како и локалните заедници, учеснички во проектот. Школите за забавен фудбал се организирани од лидери и тренери – волонтери, кои се едуцирани за работа со деца. Овoрената забавна школа за фудбал во нашата општина беше организирана во период од 2 дена, односно на 9 и 10 септември (сабота и недела) а се одржа на градскиот стадион во Неготино. Општина Неготино беше генерален покровител на школата, односно даде целосна финансиска поддршка на овој настан, притоа потенцирајќи една од зацртаните стратешки определби со програмата за спорт т.е. афирмација на интересот кај најмладите за спортот и спортските активности, притоа земајќи го во предвид комплетниот бенефит на заедницата од промоцијата на овој дел од општествениот живот.

5. Турнир во улична кошарка "Street-Ball 2023".

На 30 и 31 август на градскиот плоштад во Неготино се одржа 14-тото издание на турнирот во улична кошарка "Streetball" кое и оваа година изобилуваше со квалитетна кошарка и неизвесни натпревари. Учесници на турнирот беа најдобрите 3x3 екипи во државта, кои понудија врвна кошарка, многу атрактивни

моменти и пред се добра забава за гледачите. Победник на турнирот беше екипата на “Фламинго” од Ѓевгелија која во финалето ја совлада екипата на “Кино Влае” од Скопје и ја освои првата награда на турнирот. Третото место го освои екипата на “Неготино”, која во малото финале ја совлада екипата на “Партизан”. Претходно, во женска конкуренција првото место на турнирот го освои екипата на “Спалдинг”, пред екипите на “Вилсон ” и “Молтен”, сите од Неготино. За реализација на настанот најголемиот дел од средставта беа потрошени за набавка на нова подлога и парични награди на најдобрите екипи, а исто така општината ги покри и трошоците за пијалоци и освежување, организација и ангажирање на службени лица (КК Спорт тим), за печатење на рекламен материјал, печатење на маици за службените лица, набавка и др.оперативни активности.

6. Меѓународен фудбалски турнир за младински категории “Фелер Куп 2023”

Меѓународниот турнир во фудбал за младински категории “Фелер куп 2023” се одржа на градскиот стадион на 26 и 27 август (сабота и недела) со учество на младински екипи од Македонија и од странство. Во одлична атмосфера и спортски дух над 530 среќни дечиња во машка и женска категорија зедоа учество на VII-то издание на Меѓународниот Меморијален турнир во фудбал за млади категории "Зоран Недев-Фелер Куп "2023. Успешно беше реализиран и женскиот дел од турнирот:

I место ЖФК Победа Валандово

II место ЃФК Неготино.

Општина Неготино учествуваше со финансиска поддршка на овој настан, со кој беа покриени дел од трошоците за освежителни пијалоци и вода и ужина за децата - учесници.

7. Турнир во мал фудбал “Крсте Велјанов”.

Отварањето на овој турниор во мал фудбал кој што се одржа на терените на спортскиот комплекс СРЦ “Младост” беше на 9 јули во 21.00 часот, а учество на турнирот земаа повеќе екипи од Неготино, Велес, Кавадарци, Ѓрадско, Демир Капија и други градови од државата. Наградниот фонд за турнирот го обезбеди општина Неготино, а покрај екипните награди за најдобро пласираните четири екипи, беа доделени и награди за најдобар голман, најдобар стрелец и МВП натурнирот.

8. Меморијален Турнир во борење слободен стил “Јован Димитров”.

Во соработка со борачкиот клуб “Неготино” на 30 септември 2023 година беше организиран овој турнир на кој масовно учество зедоа околу 80-тина борачи од голем број на клубови од Македонија кои се натпреваруваа во повеќе категории во пионерска и кадетска конкуренција (машка и женска). Турнирот се оддржа во спортската сала при СРЦ “Младост” пред голем број љубители на борењето. Општина Неготино го понесе финансискиот товар за организација на овој настан преку набавка на наградите – пехари и медаљи, промотивни материјали, организирање на ручек со семејството Димитрови и тн.

9. Меморијален Турнир во ракомет “Илија Ѓорѓиев - Манџата”.

Турнирот се одржа во салата на СРЦ “Младост”. Ко – организатор на истиот беше РК Вардар-Неготино, кој доби финансиската поддршка од општината за обезбедување на награди и благодарници како и храна и пијалоци за учесниците на овој меморијален турнир. Во рамките на турнирот беше одигран ревијален ракометен натпревар помеѓу ветераните на РК “Повардарие” и најдоибриот тим на ЃРК “Вардар” – Неготино и натпревар во пионерска конкуренција помеѓу екипите на ЃРК “Вардар” Неготино и РК “Партизан” од Ѓевгелија.

10. Поддршка на спортски настани во населените места во 2023 година.

Во рамките на празнувањето на Илинден 2023 во селото Војшанци беше одржан спортски настан – турнир во мал фудбал, кој општината во рамките на своите обврски и овластувања финансиски го подржа и овозможи истиот да биде реализиран. Турнир во мал фудбал по повод верскиот празник Павловден беше поддржан и организиран и во н. Тимјаник.

11. Субвенционирање при набавка на електрични тротинети, велосипеди и адаптирани велосипеди за граѓаните на општината.

Во рамките на Програмата за спорт за 2023 година, беа предвидени средства за субвенционирање за набавка на електрични тротинети, велосипеди и адаптирани велосипеди за граѓаните на општината. На Јавниот повик во кој беа наведени роковите, условите и критериумите за аплицирање за добивање на средства за оваа намена се јавија вкупно 30 граѓани на Општина Неготино од кои 26 доставени барања за субвенционирање на набавка на велосипеди, а 4 барања за субвенционирање на ел.тротинети. По затворањето на повикот 29 граѓани кои аплицираа и притоа ги исполнија предвидените услови од општина Неготино добија субвенции од општината.

ФИНАНСИРАЊЕ

За реализација на оваа програма од вкупно предвидените 7.675.000,00 денари, се

реализирани 7.587.993 денари односно околу 98,5 % од планираните средства.

ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ

(ПРОГРАМА А0 - Совет)

Финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации. Со цел за поддршка на целокупниот граѓански сектор во општината, односно поддршка на проекти кои се од интерес на општината (нејзин развој, промоција и сл.) општина Неготино во буџетот за 2023 година предвиде вкупен износ од 200.000,00 денари. Распределбата на предвидените средства е направена по претходно објавениот Јавен повик за аплицирање на проекти од страна на граѓанскиот сектор. Поднесени се вкупно 7 пријави/апликации од ЗЃ/ фондации со конкретни проекти

кои се од интерес на општината, од кои на сите 7 им беа доделени и исплатени финансиски средства врз основа на донесената одлука на Комисијата при Советот на општината. По завршениот процес на реализација на предвидените проектни активности, сите субјекти имаат обврска да доставаат наративен и финансиска извештај (отчет) за начинот на трошењето на добиените финансиски средства.Рокот за доставување на извештајот е до 30.06.2024

Изработил: Петре Трајков

Согласен: Марија Нацева

Градоначалник на Општина

Неготино

Горан Стојанов

Март 2024